**20140130331**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МЕДИУМИ**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за медиуми,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 22 јануари 2014 година.

Бр. 07- 414/1
22 јануари 2014 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ**
**НА ЗАКОНОТ ЗА МЕДИУМИ**

Член 1

Во Законот за медиуми (“Службен весник на Република Македонија“ број 184/13), членот 1 се менува и гласи:

“(1) Со овој закон се пропишуваат основните начела и услови што треба да бидат исполнети од страна на издавачите на медиуми утврдени со овој закон при вршење на дејноста, како и обезбедување на заштита на малолетни лица, одговорен уредник и уредништво, правото на новинар да го изнесе своето мислење и став и да одбие да изврши налог, односно задача, заштита на изворот на информации, импресум, јавност во работата на издавачот на медиум и правото на исправка и одговор на објавена информација.

(2) Предмет на овој закон не се содржините што се објавуваат во медиум и ниту една одредба од овој закон не смее да се толкува на начин што ќе значи регулација на содржините.“

Член 2

Во членот 2 точки 1 и 4 зборовите: “електронски публикации“ се бришат.

Точката 3 се брише.

Точките 4, 5 и 6 стануваат точки 3, 4 и 5.

Член 3

Во членот 3 став (2) зборовите: “како и други електронски медиуми“ се бришат.

Член 4

Во членот 4 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

“(2) Посебните забрани од ставот (1) на овој член треба да бидат во согласност со практиката на Европскиот суд за човекови права.“

Член 5

Во членот 5 став (1) зборовите: “или на издавање на електронска публикација“ се бришат.

Ставот (5) се менува и гласи:

“Регистарот на издавачи на печатен медиум содржи податоци за:

- фирмата и седиштето, односно назив и адреса на издавачот на печатен медиум,
- име и презиме на одговорното лице на издавачот на печатен медиум и
- името на весникот или на магазинот.“

Член 6

Во членот 6 ставот (2) се брише.

Ставот (3) станува став (2).

Член 7

Насловот на членот 7 и членот 7 се бришат.

Член 8

Во членот 8 став (2) првата реченица се менува и гласи: “Пред именувањето или разрешувањето на одговорниот уредник, издавачот на медиум може да побара мислење од уредништвото.“

Член 9

Во членот 9 во првата реченица зборовите: “доколку со актот од членот 10 став (1) од овој закон тоа е утврдено“ се бришат.

Член 10

Насловот на членот 10 и членот 10 се бришат.

Член 11

Во членот 11 став (1) зборовите: “од членот 10 став (3) од овој закон“ се бришат.

Член 12

Во членот 12 став (3) зборовите: “на начин утврден со актот од членот 10 став (1) од овој закон“ се бришат.

Член 13

Во членот 14 став (1) зборовите: “веб страница“ се бришат.

Ставот (3) се брише.

Ставот (4) станува став (3).

Член 14

Во членот 15 став (2) зборовите: “и издавачите на електронски публикации“ се бришат.

Член 15

Во членот 18 ставот (3) се брише.

Член 16

Во членот 29 став (1) броевите “7“ и “10“ се бришат.

Член 17

Во членот 30 став (1) точката 2 се брише.

Точките 3, 4, 5 и 6 стануваат точки 2, 3, 4 и 5.

Член 18

Во членот 31 став (1) точките 1 и 2 се бришат.

Точките 3, 4, 5, 6, 7 и 8 стануваат точки 1, 2, 3, 4, 5 и 6.

Член 19

Членот 32 се брише.

Член 20

Во членот 33 зборовите: “и за постоечките издавачи на електронски публикации“ се бришат.

Член 21

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“.